Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-3525/26
22.05.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт(*), што го утврди на седницата, одржана на 20 мај 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и труд.

Овој закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.05.22 10:27:29 +02:00

Подготвил: Христина Мишевска, 20.05.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 21.05.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 22.05.2025
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 22.05.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.05.22 10:19:34 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 22.05.2025 08:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=f289e39f-6608-4fda-81f9-2248a5e188eb&docSharePointURL=/materijali/2025/638785984468923893/Documents/act.docx&materialId=a39671f9-d221-489a-91df-fc821dff55cb** |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и

Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд

ПОВЕРЕНИЦИ: Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и

Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и труд

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт(*)

Скопје, мај 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт(*), се предлага од Министерство за економија и труд во насока на правна целина на надлежностите на органите на државна управа. Со овој закон се уредува начинот на ставање во употреба, одржување и користење на техничка опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери), како и условите кои треба да ги исполнуваат монтажерите, сервисерите и независните правни лица кои вршат технички прегледи и периодични испитувања на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери).

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членовите од Предлогот на закон се врши усогласување на одредбите од законот согласно членот 11 надлежноста на овој закон е во Министерство за економија и труд од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24) и член 29 став (10) каде се одредува пренесување на надлежноста и активностите на техничките инспектори за лифтови, жичари, дигалки и транспортери, вработените за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт во надлежност на Државниот пазарен инспекторат. Од овие причини и заради доследност, Министерството за економија и труд го предлага Предлогот на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт(*)

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт(*) не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ (eIDAS) (CELEX бр. 32014R0910)

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА ЗА ТРАНСПОРТ(*)

I. Општи одредби

Член 1

Со овој закон се уредува начинот на ставање во употреба, одржување и користење на техничка опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери), условите кои треба да ги исполнуваат монтажерите, сервисерите и независните правни лица кои вршат технички прегледи и периодични испитувања на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери), како и надлежноста на Министерството за економија и труд-Државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст: Инспекторатот) во однос на инспекцискиот надзор врз техничката опрема за транспорт.

Член 2

Одделени изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. „Техничка опрема за транспорт" се уредите, машините и инсталациите на лифтовите, жичарите, дигалките и транспортерите кои подлежат на инспекција, согласно овој закон, а се наменети како средства за вршење на дејност или како техничка опрема за општа употреба, со исклучок на техничката опрема (уредите, машините и инсталациите) кои подлежат на инспекција согласно Законот за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини;

2. „Производител" е физичко или правно лице регистрирано за вршење на дејност во Централниот регистар на Република Северна Македонија кое врши проектирање, конструирање, производство, вградување, или составување сложени инсталации, пуштање на пазар, репарирање или значителна промена на техничката опрема за транспорт, става ознака за сообразност и изготвува изјава за сообразност согласно закон;

3. „Трговец" е физичко или правно лице кое е овластен претставник на производител со седиште во Република Северна Македонија, кое учествува во синџирот на набавки, ја пушта на пазарот техничката опрема за транспорт и ја превзема одговорноста за составувањето, вградувањето (монтажата), пуштањето на пазарот и извршувањето на значителни промени на техничката опрема за транспорт;

4. „Проектант" е правно лице со седиште во Република Северна Македонија, ангажирано од производителот, трговецот или кое било правно или физичко лице за извршување на активности поврзани со проектирање на техничката опрема за транспорт, со изготвување на техничката документација и активности поврзани со усогласување на техничката документација при значителни промени;

5. „Монтажер" е правно лице со седиште во Република Северна Македонија, ангажирано од производителот, трговецот или сопственикот на техничката опрема за транспорт, за извршување на активности поврзани со вградувањето на техничката опрема за транспорт, а по претходна обука и/или дадено упатство и согласност за монтажа од страна на производителот, евидентирано во Инспекторатот;

6. „Користење" е било која активност поврзана со: правилната употреба на техничката опрема за транспорт за предвидената намена и согласно: упатствата за употреба,

(*)Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ (eIDAS) (CELEX бр. 32014R0910).

одржување и сервисирање, означувањето на техничката опрема за транспорт, техничките прегледи и известувањата на Инспекторатот, преземањето мерки за подобрување на безбедноста, спречување на други опасности и чувањето на документите кои треба да ја следат техничката опрема за транспорт при нејзино користење;

7. „Одговорно лице" е физичко или правно лице кое со договор или со писмено овластување е овластено во име на сопственикот да се грижи за безбедна употреба, правилно одржување и функционирање на техничката опрема за транспорт;

8. „Корисник на техничката опрема за транспорт" е физичко или правно лице кое е сопственик на техничката опрема за транспорт или зема под наем техничка опрема за транспорт за вршење на сопствена дејност, или се јавува како работодавач со техничката опрема за транспорт, или се јавува како одговорно лице во смисла на превземени обврски за управување со техничката опрема за транспорт во станбени, станбено-деловни и деловно-станбени објекти, како и управител на станбени згради или заедница на сопственици (во натамошниот текст: корисник);

9. „Тип на производ" е производ за кој се обезбедува сертификат за тип согласно со прописите за безбедност на производите;

10. „Ставање во употреба" е постапка со која од страна на Инспекторатот со решение се одобрува користење на техничката опрема за транспорт за прв пат, после извршени значителни промени или оспособување за употреба по настаната хаварија (дефект);

11. „Инспекциски надзор" е секоја активност која опфаќа проверка на примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема за транспорт од Инспекторатот;

12. „Технички преглед" е активност која опфаќа проверка на проектот, проверка на влезната и излезната документација, проверка на системот на квалитет, проверка на сите испитувања потребни за докажување на безбедноста на техничката опрема за транспорт, како и директна и специфична визуелна контрола;

13. „Новоизградена техничка опрема за транспорт" е нова опрема која за првпат се става во употреба;

14. „Постојна техничка опрема за транспорт" е техничката опрема за транспорт која е ставена во употреба односно користење врз основа на решение за ставање во употреба, а согласно прописите за безбедност и техничките прописи;

15. „Значителна промена" е извршена промена на една од техничките карактеристики на техничката опрема за транспорт: номиналната брзина, номиналната носивост, капацитет и/или висината на подигнување, или е извршена промена на кој и да е значаен дел со делови кои не се со конструкција и тип како оригиналните делови пропишани од производителот (уредите за бесење и потпирање, носечките јажиња и вериги, носечка конструкција или дел од конструкцијата, погонот, сопирачките, патеките или водилките, управувачките уреди, сигурносните уреди и сл.);

16. „Технички преглед пред ставање во употреба" (во натамошниот текст: прв технички преглед) е постапка со која се потврдува дека новоизградената техничка опрема за транспорт, постојната како и техничката опрема за транспорт на која е извршена

значителна промена и техничката опрема за транспорт оспособена за употреба по настаната хаварија во моментот на извршување на техничкиот преглед ги исполнува безбедносните барања утврдени со стандардите и техничките прописи донесени согласно Законот за техничките барања на производите и оцена на сообразност(*);

17. „Периодичен годишен технички преглед” (во натамошниот текст: годишен технички преглед), е постапка со која се потврдува дека техничката опрема за транспорт, во моментот на извршување на техничкиот преглед, ги исполнува барањата кои ги исполнувала и при ставање во употреба;

18. „Детален технички преглед” е постапка со која се потврдува дека во моментот на извршување на техничкиот преглед, функционалните карактеристики на техничката опрема за транспорт и понатаму се исти како и при ставање во употреба;

19. „Вонреден технички преглед” е постапка со која се проверува дали се отстранети недостатоците утврдени со првиот или годишниот технички преглед или постапка со која се потврдува дека се правилно избрани и заменети било кои од следните делови: уредите за бесење и/или потпирање, носечките јажиња и/или вериги, погонот, сопирачките, патеките или водилките, управувачките уреди, сигурносните уреди;

20. „Периодично испитување“ е испитување потребно за докажување на безбедноста на техничката опрема за транспорт согласно со стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена;

21. „Независно правно лице за технички прегледи и периодични испитувања“ е правно лице за технички прегледи и периодични испитувања кое своите работи ги врши независно и непристрасно во однос на заинтересираните страни и

22.„Сервисер” е правно лице, евидентирано во Инспекторатот, кое во име на корисникот или сопственикот на техничката опрема за транспорт врши редовно одржување и сервисирање, со цел да се обезбеди безбедна употреба на техничката опрема за транспорт.

II. Надлежности на надзор

Член 3

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и техничките прописи донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија и труд (во натамошниот текст: Министерството).

(2) Работите на инспекцискиот надзор на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) ги врши Инспекторатот, како орган во состав на Министерството, преку државни технички инспектори за лифтови, жичари, дигалки и транспортери (во натамошниот текст: инспектори).

(3) Во случај од неопходност на отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, итност од отстранување на недостатоците при користење на техничката опрема за транспорт, се врши заеднички инспекциски надзор од страна на Инспекторатот, Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, Државниот инспекторат за труд, Државниот инспекторат за животна средина, како и од страна на Државениот инспекторат за транспорт, преку инспектори за жичари и ски лифтови.

(4) Во постапката за инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(5) На постапките утврдени со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 4

(1) Работите на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт ги вршат независни правни лица за технички прегледи и периодични испитувања (во натамошниот текст: независни правни лица).

(2) Монтирањето и сервисирањето на техничката опрема за транспорт ги вршат правни лица евидентирани во Инспекторатот согласно член 19 од овој закон.

Член 5

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи од областа на лифтовите, жичарите, дигалките и транспортерите при ставање во употреба, одржување и користење на техничката опрема за транспорт.

Член 6

Инспекторатот води евиденција на независните правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, монтажерите и сервисерите определени со овој закон и истата ја објавува на својата веб страница.

Член 7

(1) Инспекторатот донесува решение за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) кои се произведуваат во Република Северна Македонија, како и за техничката опрема за транспорт која не е произведена во Република Северна Македонија и истото го евидентира во соодветна евиденција според видот на техничката опрема за транспорт.

(2) Секоја техничка опрема за транспорт наменета за пуштање на пазарот во Република Северна Македонија, производителот е должен да ја пријави до Инспекторатот кој истата ја евидентира во соодветната евиденција според видот на техничката опрема за транспорт.

(3) Инспекторатот води евиденција за техничките прегледи и периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт за која донесува решение за ставање во употреба, како и за настанатите хаварии или штети предизвикани од техничката опрема за транспорт.

Член 8

Формата и содржината на образецот на евиденциите од членовите 6 и 7 од овој закон, како и начинот на нивното водење ги пропишува министерот за економија и труд (во натамошниот текст: министерот).

III. Начин на пропишување на технички прописи за техничка опрема за транспорт

Член 9

Министерот донесува технички прописи за ставањето во употреба, одржувањето и функционирањето при користењето на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) кои содржат:

1) определување на техничката опрема за транспорт која е предмет на техничкиот преглед и периодичните испитувања;

2) начин на ставање во употреба на техничката опрема за транспорт;

3) определување на активностите и временскиот распоред на технички преглед и периодични испитувања;

4) начин на вршење на техничките прегледи и периодичните испитувања;

5) вид на документи кои ја следат техничката опрема за транспорт при ставање во употреба и при користење;

6) поблиските барања кои треба да ги исполнат независните правни лица, монтажерите и сервисерите и

7) поблиските барања кои треба да ги исполнуваат независните правни лица во врска со потребниот стручен кадар.

IV. Условите што треба да ги исполнуваат независните правни лица

1. Добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања

Член 10

(1) Технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт може да врши само независно правно лице со седиште во Република Северна Македонија кое е регистрирано во Трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија, кое е акредитирано и има добиено решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

(2) Технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт можат да вршат и независни правни лица со седиште во Република Северна Македонија кои се регистрирани во Трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а се акредитирани во земјите членки на Европската унија или земји кандидати за членство во Европската унија под услов нивните акредитациони тела во соодветната област да се потписнички на Договор за меѓусебно признавање на акредитација (МЛА) и има добиено решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

(3) Решениејата за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања од ставовите (1) и (2) на овој член ги издава Министерството.

Член 11

(1) За утврдување на компетентноста, правното лице од член 10 став (1) од овој закон е должно да спроведе постапка за акредитација во Република Северна Македонија во согласност со прописите за акредитација.

(2) По добивањето на сертификат за акредитација, правното лице поднесува барање за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Министерството. Во барањето се наведува за кој вид техничка опрема за транспорт, правното лице бара да му се издаде решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

(3) Барањето од ставот (2) на овој член со пропратната документација од ставот (4) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Министерството,

согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Кон барањето од став (2) на овој член се доставува следната документација:
- решение за упис во Трговскиот регистар;
-доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодични испитувања;
-доказ за позитивен бонитет, а за правните лица кои се новоосновани изјава од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци, сметано од денот на издавањето на решението за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, ќе достави доказ за позитивен бонитет;
-потврда дека на одговорното лице во правното лице не му е изречена забрана за вршење на дејност со правосилна судска одлука;
-изјава заверена на нотар дека одговорното лице, во правното лице и неговиот вработен стручен кадар одговорен за извршување на постапките за технички прегледи и периодични испитувања не се проектант, изведувач, снабдувач, производител, сервисер или монтажер на техничката опрема за транспорт, или е нивен овластен претставник, односно дека правното лице, неговите одговорни лица и неговиот стручен кадар не се вклучени директно или како овластени претставници во проектирањето, изведувањето, маркетингот, или одржувањето на техничката опрема за транспорт;
- сертификат за акредитација издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;
- доказ за вработеност на стручниот кадар (М1/М2 образец) и
- доказ за техничката опреметост.

(5) Доказите од ставот (4) алинеи 1, 3, 6 и 7 на овој член по службена должност се прибавуваат од страна на Министерството во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето од правното лице.

(6) Доколку барањето не содржи некој од доказите од ставот (4) на овој член, Министерството го задолжува правното лице да го дополни барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

(7) Доколку правното лице не го дополни барањето со доказот од ставот (4) на овој член во рокот од ставот (6) на овој член, барањето ќе се смета за неуредно и во рок од седум дена Министерството донесува решение за отфрлање на барањето на правното лице.

(8) По доставување на доказите од ставот (4) на овој член Министерството во рок од 15 дена врши надзор кај правното лице преку Комисија за надзор, која со записник констатира дали правното лице ги исполнува условите или не, за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

(9) Комисијата за надзор од став (8) на овој член ја формира министерот, која е составена од претседател и заменик претседател кои се вработени во Министерството и по двајца членови и заменици членови, од кои по еден член и заменик член се вработени во Министерството и по еден член и заменик член се вработени во Инспекторатот –инспектори.

(10) Комисијата за надзор во рок од 15 дена од извршениот надзор од ставот (8) на овој член врши преглед на целокупната приложена документација во барањето и согласно наводите во записникот од став (8) на овој член изготвува Предлог за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење технички прегледи и периодични

испитувања на техничка опрема за транспорт или Предлог за одбивање на барањето на правното лице и го доставува до министерот.

(11) Врз основа на Предлогот од ставот (10) на овој член Министерството донесува решение во рок од 15 дена од денот на доставувањето на Предлогот.

(12) Против решението од ставот (11) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(13) Решенијата од ставовите (7) и (11) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(14) По исклучок на ставовите (3), (5) и (13) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или на Националната платформа за интероперабилност, поднесоците од ставовите (2) и (4) на овој член и актите од ставовите (7) и (11) на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Министерството, Инспекторатот, односно до правното лице, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(15) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот.

Член 12

(1) Правното лице од член 10 став (2) од овој закон поднесува барање за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Министерството. Во барањето се наведува за која вид на техничка опрема за транспорт правното лице бара да му се издаде решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член со пропратната документација од ставот (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член правното лице е должно да достави:
- решение за упис во Трговскиот регистар;
- доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодични испитувања;
-доказ за позитивен бонитет, а за правните лица кои се новоосновани изјава од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци, сметано од денот на издавањето на решението за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, ќе достави доказ за позитивен бонитет;
-потврда дека на одговорното лице во правното лице не му е изречена забрана за вршење на дејност со правосилна судска одлука;

-изјава заверена на нотар дека одговорното лице, во правното лице и неговиот вработен стручен кадар одговорен за извршување на постапките за технички прегледи и периодични испитувања не се проектант, изведувач, снабдувач, производител, сервисер или монтажер на техничката опрема за транспорт, или е нивен овластен претставник, односно дека правното лице, неговите одговорни лица и неговиот стручен кадар не се вклучени директно или како овластени претставници во проектирањето, изведувањето, маркетингот, или одржувањето на техничката опрема за транспорт;
- валиден сертификат за акредитација за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт издаден од надлежниот орган од земјата во која е регистриран и потврден од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;
- доказ за вработеност на стручниот кадар (М1/М2 образец) и
- доказ за техничката опременост.

(4) Доказите од ставот (3) алинеи 1, 3, 6 и 7 на овој член по службена должност се прибавуваат од страна на Министерството во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето од правното лице.

(5) Доколку барањето не содржи некој од доказите од ставот (3) на овој член, Министерството го задолжува правното лице да го дополни барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

(6) Доколку правното лице не го дополни барањето со доказот од ставот (3) на овој член во рокот од ставот (5) на овој член, барањето ќе се смета за неуредно и во рок од седум дена Министерството донесува решение за отфрлање на барањето на правното лице.

(7) По доставување на доказите од ставот (5) на овој член Министерството во рок од 15 дена врши надзор кај правното лице преку Комисијата за надзор од член 11 став (8) од овој закон, која со записник констатира дали правното лице ги исполнува условите или не, за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

(8) Комисијата за надзор, во рок од 15 дена од извршениот надзор врши преглед на целокупната приложена документација во барањето и согласно наводите во записникот од ставот (7) на овој член изготвува Предлог за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт или Предлог за одбивање на барањето на правното лице и го доставува до министерот.

(9) Врз основа на Предлогот од ставот (8) на овој член Министерството донесува решение во рок од 15 дена од денот на доставувањето на Предлогот.

(10) Против решението од ставот (9) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(11) Решениејата од ставовите (6) и (9) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) По исклучок на ставовите (2), (4) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или на Националната платформа за интероперабилност, поднесоците од ставовите (1) и (3) на овој член и актите од ставовите (6) и (9) на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Министерството, Инспекторатот, односно до правното лице, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

Член 13

Решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт не може да се издаде на правно лице, ако:

- неговите одговорни лица и неговиот вработен стручен кадар одговорен за извршување на постапките за технички прегледи и периодични испитувања се проектант, изведувач, снабдувач, производител, сервисер или монтажер на техничката опрема за транспорт, или е нивен овластен претставник,
- правното лице, неговите одговорни лица и неговиот стручен кадар се вклучени директно или како овластени претставници во проектирањето, изведувањето, маркетингот, или одржувањето на техничката опрема за транспорт, освен кога се работи за размена на технички информации меѓу производителот или корисникот и независното правно лице и
- за неговите одговорни лица, со правосилна судска одлука е одредена забрана за вршење на дејност, се додека трае забраната.

2. Независни правни лица

Член 14

Независното правно лице и неговиот стручен кадар се должни да ги вршат постапките на технички прегледи и периодичните испитувања постојано со највисок степен на професионален интегритет и техничка компетентност и да бидат ослободени од сите притисоци, особено финансиски, кои можат да влијаат врз процената или врз резултатите од технички прегледи и периодични испитувања, особено од лица или групи лица кои имаат интерес од резултатите на технички прегледи и периодични испитувања.

Член 15

Независното правно лице е должно да вработи потребен стручен кадар за да може правилно да ги врши техничките и административните задачи поврзани со технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт.

Член 16

(1) Независното правно лице е должно да поседува или да има пристап до опрема потребна за технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт.

(2) Независното правно лице е должно да има утврдено методологии и постапки за вршење на технички прегледи и периодични испитувања. Доколку независното правно лице применува специфични методологии и постапки, тие треба да бидат технички издржани и во согласност со научните и техничките достигнувања.

Член 17

(1) Независното правно лице е должно да ја гарантира непристрасноста на неговиот стручен кадар при вршење на техничките прегледи и периодичните испитувања на техничка опрема за транспорт.

(2) Независното правно лице е должно секоја година да се осигура од одговорност за штета која може да биде предизвикана од вршење на технички прегледи и периодични испитувања во висина од најмалку 300.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

(3) Независното правно лице, неговите одговорни лица и неговиот стручен кадар се должни да ја почитуваат професионалната доверливост што се однесува до сите информации добиени при извршувањето на задачите според овој закон или друг закон поврзан со извршувањето на технички прегледи и периодични испитувања.

Член 18

(1) Министерството ја контролира работата на независните правни лица за технички прегледи и периодично испитување редовно, како и кога се сомнева или има сознание во однос на надлежноста и одговорноста на независното правно лице.

(2) Независното правно лице еднаш годишно или на барање на Комисијата за надзор од членовите 11 и 12 од овој закон е должно до истата да ги достави доказите од член 11 став (4) од овој закон, односно член 12 став (3) од овој закон, од кои Комисијата ќе утврди дали независното правно лице и понатаму ги исполнува условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања.

(3) Доказите од член 11 став (4) алинеи 1, 3, 6 и 7 од овој закон, односно член 12 став (3) алинеи 1, 3, 6 и 7 од овој закон по службена должност се прибавуваат од страна на Министерството во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на доставувањето на доказите од независното правно лице до Министерството.

(4) Ако независното правно лице престане да ги исполнува условите за вршење технички прегледи и периодични испитувања согласно став (1) од овој член, или Инспекторатот утврди со извршен надзор над независното правно лице дека престанало да ги исполнува условите од член 11 став (4) од овој закон, односно член 12 став (3) од овој закон е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на надзор, да го извести Министерството.

(5) Известувањето од ставот (4) на овој член се доставува до Комисијата за надзор од член 11 став (8) од овој закон и може да биде доставено и во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на извршениот надзор.

(6) Врз основа на ставовите (1) и (2) на овој член, Министерството во рок од 15 дена од добивањето на известувањето од ставот (4) на овој член донесува решение за одземање на решението за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт.

(7) Решението од ставот (6) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското

управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) По исклучок на ставовите (3), (5) и (7) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или на Националната платформа за интероперабилност, поднесоците од ставот (2) на овој член и актот од ставот (6) на овој член во форма на електронски документи може да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Министерството, односно до правното лице, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Против решението од ставот (6) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

3. Услови за евидентирање на монтажерите и сервисерите

Член 19

(1) Правните лица кои вршат монтирање и/или сервисирање на техничката опрема за транспорт согласно техничките прописи од член 9  од овој закон поднесуваат барање до Инспекторатот за да  се евидентираат како монтажери и/или сервисери на опремата.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член со пропратната документација од ставот (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува и следната документација:
- решение за упис во Трговскиот регистар;
-доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на монтирање и/или сервисирање;
- доказ за вработеност на стручниот кадар (М1/М2 образец) и
- доказ за завршена обука, добиено упатство и согласност за монтажа и/или сервисирање од страна на производителот за работи поврзани со монтирањето и/или сервисирањето на техничката опрема за транспорт согласно техничкиот пропис.

(4) Доказите од ставот (3) алинеи 1 и 3 на овој член по службена должност се прибавуваат од страна на Инспекторатот во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето од правното лице.

(5) Врз основа на поднесеното барање, Инспекторатот врши проверка на приложената документација од ставот (3) на овој член за да ја утврди исполнетоста на условите за евидентирање на правното лице како монтажер и/или сервисер во евиденцијата од член 6 од овој закон.

(6) Доколку барањето не содржи некој од доказите од ставот (3) на овој член, Инспекторатот го задолжува правното лице да го дополни барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

(7) Доколку правното лице не го дополни барањето со доказот од ставот (3) на овој член во рокот од ставот (6) на овој член, барањето ќе се смета за неуредно и во рок од седум дена Инспекторатот донесува решение за отфрлање на барањето на правното лице.

(8) Во случаите кога е доставена документацијата од ставот (3) на овој член Инспекторатот, по извршената проверка, донесува решение за евидентирање на правното лице како монтажер и/или сервисер или донесува решение за одбивање на барањето за евиденција на правното лице во рок од седум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(9) Решенијата од ставовите (7) и (8) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) Против решенијата од ставовите (7) и (8) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(11) Жалбата од ставот (10) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) По исклучок на ставовите (2), (4), (9) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или на Националната платформа за интероперабилност, поднесоците од ставовите (1) и (3) на овој член, актите од ставовите (7) и (8) на овој член и жалбата од став (10) на овој член можат да бидат поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот, правното лице, односно Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

## V. Начин на ставање во употреба, одржувањето и користење на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери)

### 1. Постапка при ставање во употреба на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери)

Член 20

Секој корисник е должен да спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт согласно овој закон и Законот за техничките барања на производите и оцена на сообразност(*), како и прописите донесени врз основа на истите.

Член 21

Техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) може да биде ставена во употреба доколку независно правно лице извршило прв технички преглед на предвидените услови за користење на техничката опрема за транспорт во однос на:
- монтажа/инсталирање,
- подесување и
-безбедност на техничката опрема за транспорт.

Член 22

(1) По спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис за техничката опрема за транспорт, корисникот до писарницата на Инспекторатот поднесува барање за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот прв технички преглед на техничката опрема за транспорт од независно правно лице.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член со пропратната документација од ставот (3) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член корисникот е должен да достави:
- извештај од извршениот прв технички преглед на техничката опрема за транспорт од независно правно лице;
- доказ за платен надоместок за издавање решение за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт во висина од 50 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија и
- дополнителните документи утврдени во техничките прописи за секој вид на техничката опрема за транспорт.

(4) Врз основа на поднесеното барање, Инспекторатот врши проверка на приложената документација од ставот (3) на овој член за да ја утврди исполнетоста на условите за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт.

(5) Доколку барањето не содржи некој од доказите од ставот (3) на овој член, Инспекторатот го задолжува корисникот да го дополни барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

(6) Доколку корисникот не го дополни барањето со доказот од ставот (3) на овој член во рокот од ставот (5) на овој член, барањето ќе се смета за неуредно и во рок од седум дена Инспекторатот донесува решение за отфрлање на барањето на корисникот.

(7) Во случаите кога е доставена документацијата од ставот (3) на овој член Инспекторатот, по извршената проверка, донесува решение за ставање во употреба на

техничката опрема за транспорт на корисникот или донесува решение за одбивање на барањето на корисникот во рок од седум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(8) Решенијата од ставовите (6) и (7) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Решението за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт, Инспекторатот го евидентира согласно членот 7 став (3) од овој закон.

(10) Против решенијата од ставовите (6) и (7) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(11) Жалбата од ставот (10) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) По исклучок на ставовите (2), (8) и (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или на Националната платформа за интероперабилност, поднесокот од став (1) на овој член, актите од ставовите (6) и (7) на овој член и жалбата од став (10) на овој член во форма на електронски документи можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот, до корисникот, односно до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Во случај кога Извештајот од извршениот прв технички преглед на техничката опрема за транспорт од независно правно лице е издаден во печатена форма, корисникот барањето од ставот (1) на овој член и документацијата од ставот (3) на овој член може да ги испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот.

(14) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот.

## 2. Постапка за одржувањето и функционирањето при користење на техничката опрема за транспорт

### Член 23

(1) Корисникот на техничката опрема за транспорт е одговорен за нејзината безбедност и за одржување на безбедноста на истата за цело време на нејзиното користење.

(2) Корисникот на техничката опрема за транспорт е должен да ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот преглед и периодичните испитувања утврден во техничкиот пропис за видот на техничката опрема за транспорт согласно член 9 од овој закон.

(3) Корисникот има право да изврши сопствен избор на независното правно лице кое ги изведува активностите од ставот (2) на овој член.

(4) Корисниците на техничката опрема за транспорт се должни во секое време да овозможат непречено вршење на инспекциски надзор од страна на Инспекторатот, независните правни лица и сервисерите со непосреден увид на техничката опрема за транспорт и техничката документација.

Член 24

(1) Независното правно лице кое врши технички прегледи и периодични испитувања на техничката опрема за транспорт е должно да изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот да го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена од завршувањето на активностите.

(2) Независното правно лице оцената на резултатите од спроведените прегледи и испитувања од ставот (1) на овој член ја дава врз основа на исполнувањето на условите за безбедноста на техничката опрема за транспорт.

Член 25

(1) Извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт доставен од независното правно лице до корисникот, ако е потребно во зависност од техничката опрема за транспорт, корисникот е должен да го достави заедно со известувањето за направен технички преглед за периодични испитувања и со пропратната документација до писарницата на Инспекторатот во рок од седум дена од денот на приемот на извештајот.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член со извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт и со пропратната документација може да биде поднесен и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Кон известувањето од ставот (1) на овој член корисникот е должен да достави:
- извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт од независно правно лице,
- доказ за платен надоместок за известувањето во износ од 10 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија и
- дополнителните документи утврдени во техничките прописи за секој вид на техничка опрема за транспорт.

(4) По исклучок на ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, поднесоците од ставовите (1) и (3) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Во случај кога извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт доставен од независното правно лице до корисникот е издаден во печатена форма, известувањето од ставот (1) на овој член и документацијата од ставот (3) на овој член, корисникот може да ги испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот.

(6) Формата и содржината на известувањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

Член 26

(1) Во случај на разлики во однос на распоредот за вршење технички прегледи за периодични испитувања за техничката опрема за транспорт меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи за периодичните испитувања, корисникот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт, писмено да го извести Инспекторатот со достава на известување кое заедно со извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт и пропратната документација, може да ги испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член Инспекторатот решава по однос на појавените разлики, врз основа на мислење прибавено од друго независно правно лице, ангажирано по случаен избор. Инспекторатот за исходот од решавањето писмено го известува корисникот во рок од седум дена од денот на добивањето на мислењето од другото независно правно лице, преку писарницата на Инспекторатот или на електронската адреса на корисникот. Трошоците за ангажирањето на другото независно правно лице паѓаат на товар на субјектот против кој е донесено мислењето.

(3) Известувањето од ставот (2) на овој член издадено во печатена форма се доставува на адресата на корисникот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до корисникот.

(4) Формата и содржината на известувањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот.

Член 27

(1) Доколку извештајот на независното правно лице од извршениот технички преглед за периодичните испитувања за техничката опрема за транспорт е негативен должен е писмено да го извести Инспекторатот во рок од три дена од денот на изработката на извештајот, а корисникот е должен да ја исклучи од работа техничката опрема за транспорт и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис, за предметната техничка опрема за транспорт во рок од осум дена од денот на приемот на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања од независното правно лице, писмено да го извести Инспекторатот, со известување кое може да го испрати по пошта, преку електронски или други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

(2) За продолжување на употреба на техничката опрема за транспорт, корисникот е должен да ги отстрани причините за негативниот извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт преку евидентираните правни лица за сервисирање согласно член 19 од овој закон, да направи вонреден технички преглед за периодични испитувања и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис, за предметната техничка опрема за транспорт, во рок од осум дена од денот на добивањето на резултатите со извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт од независното правно лице, писмено да го извести Инспекторатот со известување кое може да го испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства, или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

Член 28

(1) Инспекторот донесува решение за ставање вон употреба на техничката опрема за транспорт доколку извештајот од техничкиот преглед за периодичните испитувања од член 27 од овој закон, е негативен поради причини кои не можат да се отстранат како:

- оштетување на техничката опрема за транспорт чија поправка предизвикала значителна промена;
- неповратна деградација на својствата на техничката опрема за транспорт кои ја гарантираат нејзината безбедност;
- промена на локацијата и условите на користење на техничката опрема за транспорт и
- промена на намената на техничката опрема за транспорт.

(2) Доколку корисникот има за цел да ја користи техничката опрема за транспорт од ставот (1) на овој член, по изведените зафати врз неа, е должен да ја спроведе целата постапка за инспекциски надзор при ставање во употреба на техничка опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери).

(3) Против решението на инспекторот од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(4) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Жалбата од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(6) По исклучок на ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги жалбата од ставот (3) на овој член во форма на електронски документи се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

VI. Инспекциски надзор

Член 29

(1) Во случај на несреќи, хаварии или штети предизвикани од техничката опрема за транспорт, корисникот е должен веднаш писмено да го извести Инспекторатот со известување, кое може да го испрати по пошта, електронски или преку други соодветни средства или со достава до писарницата на Инспекторатот, односно во форма на електронски документ доставен преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Инспекторатот.

(2) Инспекторатот е должен во соработка со Инспекторатите од член 3 став (3) од овој закон да учествува во утврдување на причините за настанатите несреќи, хаварии или штети од ставот (1) на овој член.

(3) Кога инспекторот ќе утврди неправилности од поголем обем или неправилности со кои се загрозува животот и здравјето на луѓето или на животната средина и во други случаи определени со закон, инспекторот привремено ќе забрани вршење на дејност со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства до отстранување на истите.

(4) Корисникот е должен да постапи по забраната на инспекторот од ставот (3) на овој член.

Член 30

(1) Инспекторот ќе донесе решение со кое привремено ќе забрани вршење дејност во рок од 15 до 30 дена на субјектот на инспекциски надзор со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства до отстранување на истите доколку:

1) секој вид на техничка опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) наменет за пуштање на пазар во Република Северна Македонија, производителот не го пријави до Инспекторатот (член 7 став (2));

2) секој корисник не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт во согласност со соодветниот технички пропис за вршење технички прегледи и периодични испитувања (член 20);

3) по спроведениот технички преглед на техничката опрема за транспорт во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за транспорт, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештај од извршениот прв технички преглед на техничката опрема за транспорт од независно правно лице (член 22);

4) корисникот на техничката опрема за транспорт во секое време не овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на инспекторите, независното правно лице и сервисерите со непосреден увид во техничката опрема за транспорт и техничката документација (член 23 став (4));

5) корисникот не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничкиот прегледи и периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт утврден во соодветниот технички пропис (член 23 став (2));

6) независното правно лице кое врши технички прегледи и периодични испитувања на техничката опрема за транспорт не изработи извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите (член 24 став (1));

7) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење технички прегледи и периодични испитувања на техничката опрема за транспорт меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања не го извести Инспекторатот (член 26);

8) корисникот не ја исклучи од работа техничката опрема за транспорт доколку извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања е негативен и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за транспорт за тоа не го извести Инспекторатот (член 27 став (1));

9) корисникот за продолжување на употреба на техничката опрема за транспорт не ги отстрани причините од негативниот извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт преку евидентираните правни лица за сервисирање, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за транспорт за резултатите не го извести Инспекторатот (член 26 став (2));

10) корисникот не ја спроведе целата постапка за ставање во употреба, а истиот има за цел да ја користи техничката опрема за транспорт од членот 28 став (1) од овој закон по изведените зафати врз неа (член 28 став (2));

11) корисникот не постапи по решението на инспекторот од членот 28 став (1) и членот 29 став (3) од овој закон и

12) евидентираното правно лице за монтажер и/или сервисер од член 19 од овој закон не ги извршува активностите согласно овој закон и техничките прописи од член 9 од овој закон.

(2) Против решението на инспекторот од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) Жалбата од ставот (2) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, жалбата од ставот (2) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во

втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 31

(1) Ако при вршењето инспекциски надзор инспекторот кај субјектот на инспекцискиот надзор утврди неправилности и недостатоци согласно член 32 став (1) точките 1), 5), 6) и 8) од овој закон со решение на субјектот на инспекцискиот надзор, ќе му изрече инспекциска мерка - опомена и ќе му определи рок во кој е должен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува забрана за вршење на дејност во период од 15 до 30 дена согласно овој закон.

(3) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците сè уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка како задолжување, наредба, забрана и друга мерка согласно овој закон со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

(4) Решението од ставот (1) на овој член се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изработката на записникот, согласно со членот 82 од Законот за инспекциски надзор.

(5) Против решението од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(6) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(7) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот за административни услуги по електронски пат во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, жалбата од ставот (5) на овој член во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Инспекторатот води евиденција за изречените опомени од став (1) на овој член.

(10) Формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени од став (9) на овој член ги пропишува министерот.

VII. Прекршочни одредби

Член 32

(1)Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, кое е микро трговец доколку:

1) секој вид на техничка опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) наменет за пуштање на пазар во Република Северна Македонија не го пријави до Инспекторатот (член 7);

2) не спроведе постапка за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт во согласност со соодветниот технички пропис за вршење технички прегледи и периодично испитување (член 20);

3) како корисник на техничката опрема за транспорт во секое време не овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор од страна на инспекторите, независните правни лица и сервисерите со непосреден увид во техничката опрема за транспорт и техничката документација (член 23 став (4));

4) не ги реализира активностите според распоредот за вршење на техничките прегледи и периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт утврден во соодветниот технички пропис (член 23 став (2));

5) како независно правно лице, кое врши технички прегледи и периодични испитувања на техничката опрема за транспорт, не изработи извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот не го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена по завршување на активностите (член 24 став (1));

6) како корисник не ја исклучи од работа техничката опрема за транспорт доколку извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања е негативен и, ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за транспорт, за тоа не го извести Инспекторатот (член 27 став (1));

7) како корисник за продолжување на употреба на техничката опрема за транспорт не ги отстрани причините за негативниот извештај од извршениот технички преглед за периодичните испитувања, не направи вонреден технички преглед и периодични испитувања и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за транспорт, за резултатите не го извести Инспекторатот (член 27 став (2));

8) како корисник не ја спроведе целата постапка за ставање во употреба, а истиот има за цел да ја користи техничката опрема за транспорт од членот 28 став (1) од овој закон по изведените зафати врз неа (член 28 став (2));

9) како корисник не постапи по решението на инспекторот (член 28 став (1) и член 29 став (3)) и

10) не е евидентиран за монтажа и/или сервисирање и не ги извршува активностите за сервисирање и безбедно непречено функционирање и постојано одржување на техничката опрема за транспорт согласно овој закон и техничките прописи (член 19).

(2) Глоба во износ од 50 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, кое е микро трговец доколку:

1) по спроведениот прв технички преглед на техничката опрема за транспорт, во зависност од техничкиот пропис за предметната техничка опрема за транспорт, корисникот до Инспекторатот не поднесе барање за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот прв технички преглед на техничката опрема за транспорт од независно правно лице (член 22 став (1));

2) во рок од седум дена од денот на добивањето на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања на техничката опрема за транспорт, а доставен од независното правно лице, ако е потребно во зависност од техничката опрема за транспорт, корисникот не го достави до Инспекторатот (член 25 став (1)) и

3) во случај на разлики во однос на распоредот за вршење на технички прегледи и периодични испитувања меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи и периодичните испитувања, корисникот не го извести Инспекторатот (член 26 став (1)).

(3) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Глоба во износ од 2.250 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Глоба во износ од 6.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице, кое е голем трговец за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) Глоба во износ од 150 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е микро трговец за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член.

(7) Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е мал трговец за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член.

(8) Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е среден трговец за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член.

(9) Глоба во износ од 450 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е голем трговец за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член.

(10) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице или трговец поединец за дејствата од ставот (1) точки 1), 2), 3), 4), 6), 7), 8) и 9) и ставот (2) на овој член.

Член 33

(1) За прекршоците утврдени во членот 32 од овој закон, на правното лице, односно на трговецот поединец, инспекторот пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка ќе спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

(2) Кога инспекторот ќе констатира прекршок од ставот (1) на овој член, составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот.

(3) Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата за прекршокот. По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(4) Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(5) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

(6) Инспекторите се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(7) Во евиденцијата од ставот (6) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(8) Личните податоци од ставот (7) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(9) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

Член 34

(1) Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Министерството, односно од Инспекторатот ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во член 11 став (5), член 12 став (4), член 18 став (3) и член 19 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во член 11 став (5), член 12 став (4), член 18 став (3) и член 19 став (4) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството, односно од Инспекторатот ако не реши по барањето во рокот утврден во член 11 ставови (7) и (11), член 12 ставови (6) и (9), член 18 став (6), член 19 ставови (7) и (8) и член 22 ставови (6) и (7) од овој закон.

Член 35

Одмерувањето на висината на глобите на правното лице односно на трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 36

(1)За прекршоците од членот 32 од овој закон, коишто се сторени со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот, надлежниот суд може да изрече глоба во висина двојно од глобата предвидена со членот 32 од овој закон.

(2) За прекршоците од членот 32 од овој закон, кога постои опасност прекршокот да биде повторен, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години.

(3) За прекршоците од членот 32 од овој закон, на одговорното лице во правното лице, на физичкото лице, односно на трговецот поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција - забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година.

(4) Кога со прекршоците од членот 32 од овој закон, сторителот ќе се здобие со имотна корист, судот ќе ја одземе и имотната корист која е остварена со сторување на прекршокот.

Член 37

За прекршоците од членовите 32 и 34 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

VIII. Преодни и завршни одредби

Член 38

(1) Независните правни лица кои вршеле активности на технички прегледи и периодични испитувања на лифтови, жичари, дигалки и транспортери до денот на влегувањето во сила на овој закон согласно Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22 и 147/24), се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон со поднесување на барање согласно член 11 став (2) и член 12 став (1) од овој закон.

(2) Доколку независните правни лица од ставот (1) на овој член не го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рокот од ставот (1) на овој член, решенијата за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на лифтови, жичари, дигалки и транспортери донесени согласно Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22 и 147/24) престануваат да важат.

Член 39

(1) Техничките прописи од членот 9 од овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се применуваат постојните прописи донесени согласно Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11,

164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22 и 147/24).

Член 40

Евиденциите во врска со техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери), кои се водени согласно членовите 6 и 7 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22 и 147/24) до 15 јули 2024 година ќе се предадат од Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини на Инспекторатот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 41

По барањата за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери), поднесени по 15 јули 2024 година до Инспекторатот и Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини треба да се спроведат постапки во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон согласно одредбите од овој закон.

Член 42

Комисијата за надзор од членот 11 став (8) од овој закон ја формира министерот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 43

Одредбите од членот 11 ставови (3), (5), (13) и (14), членот 12 ставови (2), (4), (11) и (12), членот 18 ставови (3), (5), (7) и (8), членот 19 ставови (2), (4), (9), (11) и (12), членот 22 ставови (2), (8), (11) и (12), членот 25 ставови (2) и (4), членот 28 ставови (4) и (6), членот 30 ставови (4) и (5) и членот 31 ставови (7) и (8) од овој закон ќе отпочнат да се применуваат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 44

Одредбите од членот 11 ставови (3), (5), (13) и (14), членот 12 ставови (2), (4), (11) и (12), членот 18 ставови (3), (5), (7) и (8), членот 19 ставови (2), (4), (9), (11) и (12) членот 22 ставови (2), (8), (11) и (12), членот 25 ставови (2) и (4), членот 28 ставови (4) и (6), членот 30 ставови (4) и (5) и членот 31 ставови (7) и (8) од овој закон престануваат да важат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА ЗА ТРАНСПОРТ(*)

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт (*), се предлага од Министерство за економија и труд во насока на правна целина на надлежностите на органите на државна управа. Со овој закон се уредува начинот на ставање во употреба, одржување и користење на техничка опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери), како и условите кои треба да ги исполнуваат монтажерите, сервисерите и независните правни лица кои вршат технички прегледи и периодични испитувања на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери).

Со членовите од Предлогот на закон  се врши усогласување на одредбите од законот согласно членот 11 надлежноста на овој закон е во Министерство за економија и труд од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) и член 29 став (10) каде се одредува пренесување на надлежноста и активностите на техничките инспектори лифтови, жичари, дигалки и транспортери вработените за ставање во употреба на техничката опрема за транспорт во надлежност на Државниот пазарен инспекторат.

Предлог законот има 45 члена.

Едно од најзначајните решенија на новиот Предлог на закон е тоа што се дава законски основ за донесување на технички прописи за техничката опрема за транспорт за ставање во употреба, периодични технички прегледи, вонреден технички преглед, условите за независните правни лица  за вршење на технички преглед и периодични испитувања, услови за монтажерите и сервисерите, одговорноста на корисниците на техничката опрема за транспрт и носење на подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон.

Во глава I – Во општите  одредби  даден е опсегот на законот за која техничка опрема за транспорт се однесува, дадени се и одделени изрази употребени во овој закон.

Во глава II - Надлежности на надзор согласно член 3 се уредува надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и техничките прописи донесени врз основа на овој закон кој ги врши Министерството за економија и труд (во натамошниот текст: Министерството). Работите на инспекцискиот надзор на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) ги врши Државниот пазарен инспекторат, како орган во состав на Министерството, преку државни инспектори за лифтови, жичари, дигалки и транспортери (во натамошниот текст: инспектори), вршењето на  заеднички инспекциски надзор од страна на Инспекторатот, Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, Државниот инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за транспорт, преку инспектори за жичари и ски - лифтови и Државниот инспекторат за труд.

При примената на одредбите од овој закон и постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Со член 4 се уредува  надлежноста на работите на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт  ги вршат независни правни лица за технички прегледи и периодични испитувања (во натамошниот текст: независни правни лица) и Монтирањето и сервисирањето на опремата ги вршат  правни лица евидентирани во Инспекторатот согласно член 19 од овој закон.

Со Член 5 се одредуваат следниве области лифтови, жичари, дигалки и  транспортери на кои  Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничките прописи и  користење на техничка опрема за транспорт.

Со Член 6 се одредува на Инспекторатот водење на  евиденција на независните правни лица кои се овластени за вршење на технички преглед и периодични испитувања,

монтажерите  и сервисерите определени со овој закон и истата ја објавува на својата веб страница.

Со Член 7 се уредува  за која опрема Инспекторатот донесува решение за ставање во употреба на опремата за лифтови, жичари, дигалки и транспортери кои се произведуваат во Република Северна Македонија, како и за опремата која не е произведена во Република Северна Македонија и истото го евидентира во соодветна евиденција според областа на која опремата припаѓа, согласно со членот 5 на овој закон. Воедно и водење на евиденција.

Со Член 8  се уредува формата и содржината на образецот на евиденциите од членовите 6 и 7 од овој закон, како и начинот на нивното водење ги пропишува министерот за економија и труд (во натамошниот текст: министерот).

Во глава III. Начин на пропишување на технички прописи за техничка опрема за транспорт во Член 9 се одредува содржината на техничките прописи за ставање во употреба, одржувањето и функционирањето при користењето на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) кои ги донесува министерот за економија и труд.

Во глава IV. Условите што треба да ги исполнуваат независните правни лица
Во подглава 1. Добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања

Во Членовите 10, 11 ,12 и 13 постапката за добивање на решение за исполнетост на условите на независните правни лица.

Во подглава  2. Независни правни лица со членовите 14,15,16.17 и 18 се одредени условите  кои треба постојано да ги исполнуваат незвисните правни лица .

Во подглава 3. Услови за евидентирање на монтажерите и сервисерите  и во Член 19 се дадени условите на правните лица кои вршат монтирање/сервисирање на опремата согласно техничките прописи од член 9  од овој закон поднесуваат барање до Инспекторатот за да  се евидентираат како монтажери/сервисери на опремата .

Во глава V. Начин на ставање во употреба, одржувањето и користење на опремата за лифтови, жичари, дигалки и транспортери.
Во подглава 1. Постапка при ставање во употреба на техничката опремата за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) со член Член 20 се уредува дека секој корисник е должен да спроведе постапка за ставање во употреба на опремата согласно овој закон и Законот за техничките барања на производите и оцена на сообразност(*), како и прописите донесени врз основа на истите.

Со Член 21 се уредува за која техничка опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) може да биде ставена во употреба доколку независно правно лице извршило прв технички преглед на предвидените услови за користење во однос на: монтажа/ инсталирање, подесување и  безбедност на техничката опрема за транспорт.

Со Член 22 се уредува постапката  за добивање на решение за ставање во употреба на техничката  опрема по спроведениот прв технички преглед, во зависност од техничкиот пропис и овој закон.

Во подглава 2 Постапка за одржувањето и функционирањето при користење на техничката опремата за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери).

Со Член 23 се одредува обврската на корисникот на техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) е одговорен за нејзината безбедност и за одржување на безбедноста на истата за цело време на нејзиното користење.
Со Член 24 се одредува должноста на независното правно лице кое врши технички преглед и периодични испитувања на лифтови, жичари, дигалки и транспортери е да изготви извештај во кој ќе биде содржана оцена на резултатите од спроведените прегледи и испитувања и истиот да го достави до корисникот најдоцна во рок од седум дена од завршувањето на активностите.

Со Член 25 се уредува рокот од седум дена од денот на приемот на извештајот од страна на корисникот .

Извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања за лифтови, жичари, дигалки и транспортери доставен од независното правно лице до корисникот, ако е потребно во зависност од опремата, корисникот е должен да го достави заедно со известувањето за направен технички преглед за периодични испитувања и со пропратната документација до писарницата на Инспекторатот .

Со Член 26 се одредени рокови за во случај на разлики во однос на распоредот за вршење технички прегледи за периодични испитувања за лифтови, жичари, дигалки и транспортери меѓу корисникот и независното правно лице, како и за други појавени разлики во однос на техничките прегледи за периодичните испитувања, корисникот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања, писмено да го извести Инспекторатот со достава на известување кое заедно со извештајот од извршениот технички преглед за лифтови, жичари, дигалки и транспортери за периодичните испитувања и пропратната документација.

Со Член 27 се одредува рокот за независното правно лице доколку извештајот на независното правно лице од извршениот технички преглед за периодичните испитувања за лифтови, жичари, дигалки и транспортери е негативен должен е писмено да го извести Инспекторатот во рок од три дена, а корисникот е должен да ја исклучи од работа опремата и ако е потребно, во зависност од техничкиот пропис, за предметната техничка опрема и за тоа во рок од осум дена од денот на приемот на извештајот од извршениот технички преглед за периодичните испитувања од независното правно лице, писмено да го извести Инспекторатот.

Со Член 28 Инспекторот донесува решение за ставање вон употреба на опремата за лифтови, жичари, дигалки и транспортери доколку извештајот од техничкиот преглед и периодичните испитувања, од член 27 од овој закон.

Со Подглава 3.Постапка при несреќи, хаварии или штети предизвикани од техничкаопрема за транспорт Со Член 29 во случај на несреќи хаварии или штети предизвикани од техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери), корисникот е должен веднаш писмено да го извести Инспекторатот со известување.

Со Член 30 се уредува управната постапка каде Инспекторот ќе донесе решение со кое привремено ќе забрани вршење дејност во рок од 15 до 30 дена на субјектот на инспекциски надзор со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства до отстранување

Со Член 31 се уредува опомената и исклучок ,ако при вршењето инспекциски надзор надлежниот инспектор кај субјектот на инспекцискиот надзор утврди неправилности и недостатоци согласно член 32 став (1) точките 1),5),6) и 8) од овој закон со решение на субјектот на инспекцискиот надзор, ќе му изрече инспекциска мерка - опомена и ќе му определи рок во кој е должен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци, по исклучок од ставот 1 на овој член изрекува мерка забрана на вршење на дејност или др.
Во глава VI. Прекршочни одредби во Член 32 се одредени прекршочните санкции за микротрговец, мал , среден и голем трговец.

Со Член 33 се уредува за прекршоците утврдени во членот 32 од овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка ќе спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

Со Член 34 се одредуваат глоби за прекршок на на овластено службено лице од Министерството и на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган .

Со Член 35 се одредува примената при одмерувањето на висината на глобите на правното лице односно на трговец поединец се врши и согласно Законот за прекршоците.

Со Член 36 се уредуваат мерки за прекршоците од членот 32 од овој закон, коишто се сторени со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот, надлежниот суд може да изрече глоба во висина двојно од глобата предвидена со членот 32 од овој закон.,кога постои опасност прекршокот да биде повторен, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години, на одговорното лице во правното лице, на физичкото лице, односно на трговецот-поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција - забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година и кога сторителот ќе се здобие со имотна корист, судот ќе ја одземе и имотната корист која е остварена со сторување на прекршокот.

Со Член 37 се уредува надлежноста за прекршоците од членот 32 и 34 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Со глава VII. Преодни и завршни одредби се одредувааат преодните одредби и тоа :
Со Член 38 за Независните правни лица кои вршеле активности на технички прегледи и периодични испитувања до денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон со поднесување на барање согласно член 11 став (2) и член 12 став (1) од овој закон.

Со Член 39 за Техничките прописи од членот 9 на овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, за подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До денот на влегувањето во сила на техничките прописи и подзаконските прописи ќе се применуваат постојните прописи донесени согласно Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“

бр. 99/22 и 147/24), до денот на влегувањето во сила на прописите од ставовите (1) и (2) на овој член.

Со Член 40 се уредува превземањето на евиденциите од областите наведени во членовите 6 и 7 од овој закон, кои се водени согласно членовите 6 и 7 од Законот за техничката инспекција кој важел до стапување на сила на на Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/208, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22 и 147/24) до 15 јули 2024 година ќе се предадат од Државниот инспекторат за енергетика , рударство и минерални суровини на Државниот пазарен инспекторат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон по денот на започнувањето на примената на овој закон.

Со Член 41 се уредува започнување на постапките за ставање на употреба и рокот се одредува и за која опрема се однесува и тоа за техничката опрема за транспорт (лифтови, жичари, дигалки и транспортери) по 15 јули 2024 година треба да се спроведе постапка за ставање во употреба согласно доставеното барањето на корисникот и постапките утврдени во одредбите од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со Член 42 се уредува рокот на формирање на Комисијата за надзор од член 11 став (9) на овој закон ја формира министерот во рок од 30 дена од денот на објавување на овој закон.

Со Член 43 се уредува кога ќе бидат користени алатките за електронски услуги и платформата – портал.

Со Член 44 се уредува до кога ќе се применуваат одредбите од членовите поврзани со процесот на дигитализација односно кога ќе престанат да важат.

Со Член 45 се уредува стапување во сила на овој закон односно истиот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина во правниот ситем за органите на државната управа.

Воедно се усогласува и со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93/ЕЗ (eIDAS), како и создавање на услови за транспонирање на секторските и другите ЕУ директиви коишто се повикуваат во Поглавјето 3.01 – Слободно движење на стоки и одредби кои се однесуваат на оваа проблематика на национално ниво, при што нормирањето е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и темелните вредности – заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд во член 11 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) и член 29 став (10)

надлежноста и активностите на техничките инспектори лифтови, жичари, дигалки и транспортери. Притоа, се воспоставува дигитализација на документацијата и функционалност на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, со што е пристапено кон усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93/ЕЗ (eIDAS), CELEX број 32014R0910.

Влада на Република Северна Македонија
Министерство за економија и труд

# ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА

| 1. Правен пропис |
|---|
| 1.1. Назив на прописот |
| **Предлог на Закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт (*)**<br>**Draft-law for putting into use technical transport equipment (*)** |
| 1.2. Предлагач |
| Министерство за економија и труд |
| 1.3. ЕПП број |
| 2025.0400.8436 |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |
| 3.01 Слободно движење на стоки |

| 2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки |
|---|
| 2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на пропис |
| Глава VI Сообразување на законодавството и спроведување на законите, член 68 став (1): Страните ја согледуваат важноста од приспособување на постоечките и идните закони на Република Северна Македонија со оние на Заедницата. Република Северна Македонија ќе настојува постапно да обезбеди компатибилност на своите закони со оние на Заедницата.<br>Глава IV Слободно движење на стоки |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата |
| ☒ Да ☐ Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |
| |

| 3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија | |
|---|---|
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ | |
| Договор за функционирањето на Европската унија, Дел VII, Наслов II Правила за конкуренција, Поглавје 3 Усогласување на законите, член 114 | |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ | |
| ЕУ пропис -CELEX бр. 32014R0910 | ☐ потполна усогласеност ☒ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото | |
| Делумната усогласеност е поради тоа што дел од одредбите од Регулативата (CELEX бр.32014R0910) се транспонирани во Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*), а дел од одредбите од Регулативата се однесуваат за земјите членки на Европската Унија и на работата на Европската Комисија. | |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ | |
| -Европска рамка за интероперабилност (European Interoperability Framework)<br>-Дигитална европска рамка (The Digital Europe Programme) | |

| |
|---|
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија |
| Потполна усогласеност ќе се постигне согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори |
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог) |
| ДА |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис | | |
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☒ ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| Извор:<br>Министерство за европски прашања | | |
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ | | |
| Да-достапен на www.mep.gov.mk | | |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик? | | |
| ☐ ДА | ☒ НЕ | |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот | | |
| / | | |

| |
|---|
| 5. Стручна помош и мислење<br>(Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.) |
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| / |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |
| / |

| | |
|---|---|
| Раководител на надлежниот сектор | |
| Име и презиме: | Урим Ибраими/Urim Ibraimi |
| Звање и работно место: | државен советник за внатрешен пазар |
| Потпис: | [signature] |
| Датум: | |
| Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис | |
| Име и презиме: | |
| Потпис: | |
| Датум: | |
| Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис | |
| Име и презиме: | Бесар Дурмиши/Besar Durmishi<br>министер за економија и труд |
| Потпис: | [signature] |
| Датум: | 19-05-2025 |

2

Влада на Република Северна Македонија

**МИСЛЕЊЕ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ИЗЈАВАТА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА НА ПРОПИСОТ**

**Предлог на Закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт (*)**

**ЕПП – 2025.0400.8436**

**Секретаријатот за законодавство ја разгледа изјавата за усогласеност со кореспондентната табела и го дава следново мислење:**

| **Во однос на точките 2. и 3 од Изјавата, вклучително и Кореспондентната табела, Секретаријатот за законодавство:** | | | |
|---|---|---|---|
| а) целосно се согласува | | Целосно се согласува со Изјавата за усогласеност во однос на точката 2 и 3 од Изјавата за усогласеност со кореспондентната табела МК-ЕУ на Предлогот на Законот за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт (*) | |
| б) делумно се согласува и ги дава следниве забелешки: | | | |
| в) цени дека несоодветно го одразува степенот на усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ од следниве причини: | | | |
| **Мислењето го подготви:** | | **Секретар на Секретаријатот за законодавство** | |
| Име и презиме: | м-р Наташа Стојановска | Име и презиме: | д-р Оливера Нечовска |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор | Звање и работно место: | Секретар |
| Потпис: | | Потпис: | |
| Датум: | 23.05.2025 | Датум: 23.05.2025 | |

Влада на Република Северна Македонија

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

## FORMULAR PËR VLERËSIMIN E IMPLIKIMEVE FISKALE NË PROPOZIMIN E DISPOZITAVE DHE AKTEVE TË PËRGJITHSHME TË PARASHTRUARA DERI TE QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR MIRATIMIN E TYRE

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот: / Titulli i propozimit:** | **2. Министерство / орган на државна управа: Ministria / organi iadministratës shtetërore:** |
| **Предлог на Законот за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт** Propozimi i Ligjit për vënie në përdorim të pajisjes teknike për transport | Министерство за економија и труд Ministria e Ekonomisë dhe Punës |
| **3. Цел на предлогот: / Qëllimi i propozimit:** | **4. Вид на предлог: / Lloji i propozimit:** |
| Усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24). Harmonizim me dispozitat e Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për organizimin dhe punën e organeve të administratës shtetërore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 121/24). | **Предлог на Законот за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт** Propozimi i Ligjit për vënie në përdorim të pajisjes teknike për transport |
| **5. Контакт лице и звање: / Personi për kontakt dhe titulli:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта: Kontakt tel./faks ose e-posta** |
| Урим Ибраими/Urim Ibraimi<br>Државен советник за внатрешен пазар/Këshilltarë Shtetërorë për tregun e brendshëm<br>Нериман Џеладини/Neriman Xheladini<br>Раководител на сектор за внатрешен пазар/Udhëheqëse e Sektorit të tregut të brendshëm | urim.ibraimi@economy.gov.mk<br>02 3093 537<br>neriman.dzeladini@economy.gov.mk<br>3093 512 |

**7. Активност: / Aktivitete:**

Да се донесе **Предлог на Закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт/** **Të miratohet** Propozimi i Ligjit për vënie në përdorim të pajisjes teknike për transport

**8. Вид на барање: / Lloji i kërkesës:**

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ / Rregullativa në lidhje me BE | ( ) Нова програма Program i ri | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми Rishpërndarja (e mjeteve) midis dy programeve |
| ( ) Друга нова регулатива / Rregullativë tjetër e re | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма Zmadhimi / zvogëlimi i programit ekzistues | ( ) Спојување на две или повеќе програми / Bashkimi i dy ose më shumë programeve |

**9. Цел на барањето / предложената активност: / Qëllimi i kërkesës / aktivitetit të propozuar:**

Усвојување на **Предлог на Закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт/** **Miratimi i** Propozimit të Ligjit për vënie në përdorim të pajisjes teknike për transport

**10. Врска со владината програма: / Lidhja me programin e qeverisë:**

Предвидено со годишна владина програма
Planifikuar me programin vjetor të qeverisë

| **11. Фискални импликации:** | (илјади денари) / (mijëra denarë) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Implikime fiskale:** | **Тековна год. Viti i vijues** | **Втора год. Viti i dytë** | **Трета год. Viti i tretë** | **Четврта год. Viti i katër** |
| А | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Shpenzimet e përgjithshme për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfer<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | | |
| B. Одобрени средства за предлогот / Mjetet e miratuara për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | | |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) / Ndryshimi (diferenca) nga mjetet e miratuara (B-A)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | | |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) / Mjete në dispozicion nga të hyrat (nga aktivitetet tjera ose programet në organ)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | | |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D) / Implikimet neto të mjeteve të organit (C-D)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите / Zmadhimi / zvogëlimi i të hyrave | / | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Burime shtesë të financimit ose ndarja e shpenzimeve<br>Извор:/Burimi:________________ | / | | | | |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: / Zmadhimi / zvogëlimi neto i numrit të të punësuarve në lidhje me propozimin | / | | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G)<br><br>Çfarë garancione, hua dhe obligime të vërteta ose të mundshme do të dalin për Qeverinë (të cilat janë të paraqitura në pikën 11 A deri te 11 G) | | | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, [illegible] | | | | | |

| | |
|---|---|
| образложение /<br>Nëse kjo paraqet kërkesë për mjete plotësuese në vitin fiskal vijues ose jashtë ciklit normal të përgatitjes së buxhetit, të jepet arsyetim | |
| 14. Дата на завршување на проценката<br>Data e mbarimit të vlerësimit | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење<br>Data e dërgimit të analizës drejtuar Ministrisë së Financave për mendim | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии /<br>Data e marrjes së përgjigjes nga Ministria e Financave | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии<br>Ndryshime të kërkuara nga Ministria e Financave | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач:<br>Përgjigje nga ministria-propozues: | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии:<br>Përgjigje nga Ministria e Financave: | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог<br>A është dhënë në shtojcë mendimi i Ministrisë së Financave | |
| 21. Одобрено/ Miratuar / Дата / Data: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Државен Секретар,<br>Sekretarit Shtetëror<br>Јумни Адеми/Jumni Ademi | 26-03-2025<br>Ден /месец/ год.<br>Dita/ muaji/ viti | **МИНИСТЕР**<br>**MINISTËR,**<br>**Besar Durmishi** | 26-03-2025<br>Ден/ месец/год.<br>Dita / muaji / viti |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД * MINISTRIA E EKONOMISË DHE PUNËS
Скопје-Shkup